# Правилник за работа на државна болница




## Имате право да очекувате и да добиете висококвалитетни услуги во државните болници.

Овој правилник се залага за партнерство меѓу вас и персоналот кој работи во здравствените служби.

Ако нешто ве загрижува и сакате да поразговарате за тоа или нешто да се стори, болницата има Претставник на пациентите пред кого можете да ги изнесете тие работи. Обратете се до персоналот на болничкото крило, на шалтерот за информации или на рецепцијата за повеќе информации.

Понатаму ги изложуваме вашите права и одговорности во државните болници.

# Вашите права

Имате право:

### Да одберете разновидни услуги во државните болници.

Каде и да сте во државата, треба да имате пристап кон разновидни служби што пружаат соодветна нега од висок квалитет.

### Да се лекувате соодветно на здравствените потреби без оглед на тоа каков вид здравствено осигурување имате.

Имате право да се лекувате како што е соодветно за вашата медицинска состојба, без оглед на тоа дали имате државно или приватно  здравствено осигурување.

### Да одберете дали сакате да се лекувате како државен или приватен пациент.

Може да одлучите дали ќе ве примат во болница како пациент на приватното здравствено осигурување или на државното здравствено осигурување.

### Да добиете лекување и нега во безбедна околина.

Имате право да се чувствувате дека сте во безбедна, чиста и удобна околина кога сте во болница.

### Побарајте да зборувате со овластен преведувач ако не зборувате добро англиски.

Имате право да користите преведувачка служба за важни работи како што се прием и дискусии за вашата медицинска историја и лекување.

### Да добивате услуги кои се пружаат на начин чувствителен за вашата култура.

Имате право да ве лекуваат на начин што одговара на вашата култура и уверувања.

### Да учествувате кога се донесуваат решенија за вашето лекување и нега.

Треба наполно да учествувате во решенијата за вашата нега и да имате прилика да поставувате прашања и разговарате за лекувањата.

Исто така може да назначите некое лице што ќе донесува решенија за медицински работи ако било кога станете неспособни.

### Да учествувате во решенија и да добивате информации за отпуштањето од болница.

Имате право да учествувате во донесување решенија за вашето натамошно лекување кога ќе заминувате од болница и да добиете информации за службите што ги има на располагање. Може да бидете отпуштени од болница и покрај тоа што вашиот лекар тоа не го одобрува, меѓутоа, може да побараат да потпишете формулар со кој ја прифаќате одговорноста за вашето решение.

### Да добиете информации кој персонал од болницата ќе ви пружа нега.

Во болницата ќе имате контакти со поголем број лица од болничкиот персонал. Имате право да бидете информирани кој ќе биде одговорен за вашата нега и како да им се јавите.

### Да добиете информации за вашата здравствена нега и, ако сакате, второ мислење од лекар.

Имате право да бидете целосно информирани за вашето лекување и да побарате второ мислење од лекар ако е неопходно.

### Да имате пристап кон записите за вашето здравје а вашите лични информации да бидат чувани на доверлив начин.

Имате право да ги побарате записите за вашето здравје, тоа можете да го сторите преку вашиот лекар или преку слободата за информирање, Freedom of Information.

Службеникот на болницата задолжен за слобода на информирање, Freedom of Information Officer, може да ве посоветува како да го побарате тоа.

Секој што учествува во вашето лекување и нега има професионална и правна одговорност да ги чува информациите за вас на доверлив начин.

### Да ве почитуваат вас, вашето достоинство и вашата приватност.

Колку што е можно, здравствените служби ќе ви пружаат нега и лекување во околина што дозволува приватност. Исто така се очкува и вие да постапувате со почит и внимание кон болничкиот персонал.

### Да добиете информации за чекорите што ќе ги преземе болницата за да се подобри квалитетот на негата.

Болниците треба да ви дадат извештај како го подобруваат својот квалитет. Ве молиме известете го персоналот ако вие или член на вашето семејство сте увиделе некои начини како може да се подобрат здравствените услуги.

### Да имате прилика да разговарате за прашања или поплаки во врска со вашиот престој во болницата.

Ако имате прашања или поплака, зборувајте со тимот што ве лекува или со Претставникот за пациентите на таа болница.

### Да поднесете поплака до независна организација што разгледува поплаки.

Како прво, треба да се обидете за вашата поплака да расправате со персоналот на болницата.

Ако и понатаму не сте задоволни, можете да упатите поплака до Началникот на здравствените служби (Health Services Commissioner).

## Вашите одговорности

Вие сте одговорни:

Да соработувате со тимот што ве лекува давајќи соодветни информации за вашето здравје и околности кои може ќе влијаат на вашето лекување, оздравување или престој во болница.

## Повеќе информации

Повеќе информации за Правилникот за пациенти во државни болници може да се добијат на местото на интернет:

patientcharter.health.vic.gov.au



Health Services Commissioner
30th Floor, 570 Bourke Street,
Melbourne 3000

Телефон 8601 5200

Бесплатен повик 1800 136 066

Телефакс 8601 5219

Место на интернет www.health.vic.gov.au/hsc